## НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## (НКЕУ-МК)

**ПРЕПОРАКИ ОД ШЕСТА СЕСИЈА НА РАБОТНА ГРУПА 2 – Социјална политика и вработување (Поглавје 19)**
**„Безбедност и здравје на работниците на работното место: Национални услови и европски перспективи“**

1. Има потреба од измени на *Законот за безбедност и здравје при работа*со цел да се создадат услови за прилагодување на превентивните мерки и обуките во заштитата при работа според приородата на претпријатијата (според економскиот сектор, големината на претпријатието, составот на работната сила и други  специфичности) со што би се создале услови микро и малите претпријатија да можат да ги остварат своите обврски во заштитата и здравјето на работниците.
2. Воведување на законска обврска за воспоставување на систем за евиденција на повреди, смртни случаи и професионални заболувања при работа.
3. *Законот за безбедност и здравје при работа*да овозможи обучените стручни лица самостојно да вршат проценка на ризик на работните места, како и обуки за вработените бидејќи тие најдобро ги познаваат условите за работа во нивните компании. Надворешни консултанти може да ангажираат само за специфични ризици кои произлегуваат од сложени технички системи.
4. Да се воведат мерки за подобрување на културата за безбедност и здравје при работа и создавање на посебни навики во оваа област преку воведување на задолжителни наставни содржини во образовниот процес.
5. Создавање на механизми за доследно извршување на одговорноста на овластените правни (или физички лица)при безбедност и здравје при работа со цел постигнување целосна  фактичка одгворност.
6. Зголемување на теренската инспекциска контрола во работните огранзиации со поголем ризик при работа.
7. Да се преуреди континуираната едукација за стручните лица за безбедност и здравје при работа.